**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18, 1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474
www.mrt.com.mk

# З А П И С Н И К

**Од Осмата седница на Програмскиот совет на МРТ**
**Одржана на 27.08.2025 година, во 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ**

Присутни членови на седмата седница на Програмски совет на МРТ: *Давор Пашоски, Беким Лачи, Ивана Ефремовски, Томислав Кежаровски, Бурим Рамадани, Патриот Лумани, Музбајдин Ќамиљи, Маја Седрак, Лазо Трпков и Марјан Велевски.*

Он-лајн ја следеа седницата: *Миле Грозданоски, Билјана Бабиќ, Владимир Палашевски*

Други присутни на седницата: *Марјан Цветковски, Генерален Директор на МРТ, Захарија Вулгаракис, Директор на МТВ, Драган Николовски, Одговорен уредник на МТВ1, Мерита Гаши, Одговорен уредник на МТВ2, Бранко Чупески, Одговорен уредник на МТВ3, Еран Хасипи, Одговорен уредник на МТВ4, Дијана Гогова Атанасова, Одговорен уредник на МТВ5, Анета Андонова, Одговорен уредник на Собраниски сервис на МТВ, Мерита Дулатаху, Одговорен уредник на Сателитски сервис на МТВ2, Наташа Андреска, Одговорен уредник на МРА1, Јошко Бошковски, Одговорен уредник на Сателитски сервис на МРА-Радио Македонија.*

Осмата седница на Програмскиот совет започна во 11:03 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Седмата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 7-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Средба со одговорните уредници на програмските сервиси на ЈРП МРТ**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 7-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог записникот од 7-та седница на Програскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање, при што членот на Програмскиот совет на МРТ Томислав Кежаровски побара збор.

Томислав Кежаровски имаше забелешка на Записникот од Седмата седница на Програмскиот совет на МРТ во насока на тоа дека се изоставени детали за емисијата за којашто е побарана информација.

Претседателот на Програмскиот совет по оваа забелешка му даде збор на Директорот на МРТ кој истакна дека секој треба да постапува во согласност со своите надлежности, односно Програмскиот совет во согласност со дадените надлежности од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Статутот на МРТ и Деловникот за работа, а дека одговорните уредници во МРТ се надлежни за програмските содржини. Тој продолжи дека од претходните искуства дискусиите од овој тип укажуваат на тоа дека не е направена јасна дистинкција меѓу обврските на Програмскиот совет и на одговорните уредници, така што е неопходно тоа да се направи. Тој заврши со тоа дека секое надминување на надлежностите утврдено со закон и со актите на МРТ, ќе се смета за директно мешање во работата на одговорните уредници во МРТ.

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски потенцираше дека членовите на Советот се должни доследно да се придржуваат до своите надлежности утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Статутот на МРТ и Деловникот за работа на Советот. Тој укажа дека согласно законските одредби, Советот нема право да врши оценување на поединечни емисии или програмски содржини, туку неговата улога е да ги штити интересите на јавноста, да сигнализира и да укажува на прашања од јавен интерес, како и да обезбедува транспарентност и отчетност во работењето на јавниот сервис.

Претседателот на Програмскиот совет му даде збор на Беким Лачи кој истакна дека дел од присутните се новинари, но другите не се и затоа не треба да се изнесуваат субјективни ставови.

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски, го стави на гласање прашањето дали сите членови на Програмскиот совет се за дополнување на записникот со забелешките на Томислав Кежаровски.

- **Против гласаа 11 (единаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ, а Томислав Кежаровски и Беким Лачи гласаа за со што Предлог записникот беше усвоен во предложената верзија**

**Точка 2. Средба со одговорните уредници на програмските сервиси на ЈРП МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски ја отвори втората точка од Дневниот ред со поздрав до одговорните уредници во негово лично и во името на сите членови на новиот состав на Програмскиот совет изразувајќи задоволство за одржувањето

на првата средба. Продолжи дека средбата е многу важна за воспоставување непосредна комуникација и соработка во согласност со надлежностите утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Статутот на МРТ и за остварување на заедничката цел, односно унапредување на јавниот радиодифузен сервис – Македонска радио телевизија, којашто треба да се развива како независен, модерен и кредибилен јавен сервис во служба на граѓаните. Тој истакна дека преку ваквите средби, со отворен дијалог и вклученост на сите релевантни страни, заеднички ќе придонесат кон унапредување на програмските содржини, професионалните стандарди и техничко-технолошки капацитети. Претседателот на Програмскиот совет потсети на Шестата седница на која Програмскиот совет одржа конструктивна и продуктивна средба со Директорот на МРТ на која беа истакнати следните приоритети:

- **Технолошка модернизација** – приближување на МРТ кон младата публика преку прилагодени содржини и платформи, согласно новата стратегија на ЕБУ;
- **Дигитална трансформација** – развој на повеќејазичен, модерен и функционален веб-сајт, формирање посебна дигитална редакција;
- **Финансиска стабилност** – преку стратешки план за капитални инвестиции: обнова на техничка опрема, продукциска инфраструктура, теренски капацитети и возен парк;
- **Законски реформи** – подготовка на нов Закон за МРТ кој ќе овозможи функционална независност и институционална автономија, со изземање од постојниот ЗААВМУ;
- **Дописничка мрежа** – унапредување на техничките и кадровските капацитети на регионално ниво заради подобра покриеност, со редовен работен однос;
- **Професионални и етички стандарди** – проактивна улога на етичката комисија и унапредување на постојниот кодекс;
- **Унапредување на статусот на новинарите, уредниците и давателите на услуги -** Дерегулација и поедноставување на процедурите.

Во согласност со тоа на Седницата со Директорот на МРТ беа утврдени и следните, идни чекори: изработка на Акциски план, подготовка на новата Петгодишна стратегија (2026–2030), реализација на проект за дигитализација на архивските материјали, ревидирање и унапредување на систематизацијата, како и секако подготовка и усвојување на Годишната програма на МРТ.

Тој продолжи дека во смисла на годишната програма, дополнително, колешката Ивана Ефремовски ќе презентира краток осврт на предлозите и сугестиите на јавноста добиени во рамки на јавната расправа за Предлог-Деловникот, бидејќи поголемиот дел се однесуваат на програмата, важно е тие да бидат слушнати токму во оваа фаза, кога одговорните уредници заедно со своите редакции ја подготвуваат Годишната програма за 2026. На тој

начин ќе и се овозможи на публиката директно да влијае врз креирањето на содржините, што претставува суштински дел од улогата и надлежностите на Програмскиот совет на МРТ.

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ и даде збор на Ивана Ефремовски.
Ивана Ефремовски ги поздрави одговорните уредници на МРТ и посочи дека новиот состав на Програмскиот совет на МРТ, со цел поголема транспарентност во работата и отвореност кон јавноста, јавно ја објави својата електронска адреса за граѓаните да можат да ги испраќаат своите забелешки и предлози.
Таа извести дека водејќи се од обврската Програмскиот совет да го штити интересот на јавноста, освен за јавната расправа по предлог-деловникот, од граѓаните се добиени и сугестии кои се однесуваат на други сегменти од работењето на Програмскиот совет, вклучувајќи ја и самата програма која се емитува на МРТ. За изненадување е тоа што поголем дел од барањата на граѓаните се однесуваат на таканаречени теленовели, односно шпански, мексикански, колумбиски или турски серии, а дел од граѓаните доставиле и конкретни предлози за кои серии бараат да бидат откупени правата и емитувани на МРТ, па доколку има интерес од страна на одговорните уредници, тие списоци можат дополнително да бидат доставени.
Ивана Ефремовски потенцираше дека од друга страна, она што Програмскиот совет сака да го поттикне е домашната и сопствена продукција, програма која му доликува на еден јавен сервис.
Враќањето на Република Македонија како учесник на Евровизија, исто така, е барање на дел од граѓаните кои го контактираа Програмскиот совет преку електонска пошта. Нивните аргументи се дека тоа е добро за промоција на државата, македонските музичари и автори, како и големата гледаност која ја има ова музичко натпреварување.
Таа понатаму оцени дека на оваа тема треба да се отвори јавна дебата за на соодветен начин да се испита интересот на јавноста за враќање на Македонија на оваа манифестација. Продолжи дека се добиени и барања да се воспостави програмска шема која ќе има континуитет во термини и содржини. Конкретно забелешките од граѓаните се однесуваат на тоа дека одредени емисии, серии и други содржини немаат конкретен термин и се емитуваат во различни периоди од денот, како премиерното издание, така и нивните репризи.
Меѓу другите, испратен е предлог, да се размисли за точна дистинкција меѓу содржините на МРТ 1 со тие на МРТ 3 и МРТ 5. Поточно, предлогот вели дека доколку детските емисии кои секако се емитуваат на МРТ 5, или спортот на МРТ 3, да не се прикажуваат на МРТ 1, тогаш на МРТ 1 би се ослободиле термини за нови содржини, односно за домашна програма којашто таму ексклузивно ќе се емитува.
**Потоа таа потенцираше дека овие барања не ги презентира како официјални барања во име на Програмскиот совет, туку како информација за барања добиени од страна на**

**гледачите на МРТ и дека по кое било прашање Програмскиот совет во иднина може да отвори дискусија и да донесе одлука.**

Претседателот на програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски во интерес на времето и со цел реализација на што попродуктивна седница, предложи секој од одговорните уредници присутни на Седницата да има можност за кратко воведно излагање, по што, по секое излагање ќе следува дискусија со членовите на Програмскиот совет, а дека токму низ вакви отворени и конструктивни разговори ќе се гради заедничката соработка.

Прв зема збор Одговорниот уредник на Првиот програмски сервис на МТВ, Драган Николовски, кој ги поздрави членовите на Програмскиот совет на МРТ и рече се надева дека довербата што ќе се воспостави ќе биде клучна и дека се надева на убава соработка и поддршка и се надева дека Програмскиот совет има доверба во тоа што го работат одговорните уредници. Понатаму, тој нагласи дека е благодарен што МРТ има Програмски совет и што преку него одговорните уредници ќе добиваат забелешки од јавноста за тоа како треба да изгледа МТВ1. Тој продолжи дека МТВ1 е огледало на Македонската телевизија и без разлика дали станува збор за наша продукција или копродукција, уредништвото на МТВ 1 стои зад секоја секунда, зад секоја минута, зад секој избор на програма, дека уредништвото има контрола врз содржината и на квалитетот и со оглед на вкусовите, на некого тоа му се допаѓа, на некого не, но дека уредништвото се гордее со програмскиот колаж на МТВ 1. Тој истакна дека Програмскиот совет треба малку да се заложи со надлежните институции, бидејќи МРТ е под повеќе закони меѓу кои: Закон за вработени во јавниот сектор, Закон за административни службеници и со тоа МРТ влегува во ист кош со другите јавни претпријатија. Нагласи дека на МРТ и претстои период на внимание од страна на јавноста, односно вниманието на јавноста ќе биде насочено кон МТВ, поради тоа што е предизборен период. Продолжи дека се вложуваат напори за да се одржи нивото, земајќи го предвид тоа што извештаите од претходниот изборен период се одлични, посебно за Информативната програма која е телото на Првиот програмски сервис, а Македонската телевизија е и ќе биде бастионот на независноста и неутралноста за сите гледачи, на различни теми и информативни содржини. Тој нагласи дека е отворен за дебати и дека посакува да се одржуваат вакви средби што е можно почесто.

Во дискусијата се вклучи Томислав Кежаровски кој го праша Одговорниот уредник на МТВ 1 Драган Николовски дали може новинар да биде казнет доколку не ги исполнува своите обврски, или пак да биде награден за добро завршена работа, на што Одговорниот уредник одговори дека може на барање на непосредно претпоставениот, а во согласност со Закон и внатрешните акти на МРТ.

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски, се заблагодари на Одговорниот уредник на МТВ 1 Драган Николовски и и даде збор на Мерита Гаши, Одговорен уредник на Вториот програмски сервис на МТВ.

Мерита Гаши ги поздрави членовите на Програмскиот совет на МРТ и истакна дека во целост се согласува и го поддржува Одговорниот уредник на Првиот програмски сервис на МТВ Драган Николовски и дека, пред се, треба јакнење на довербата кон јавниот сервис, за чие остварување таа се надева на соработка со Програмскиот совет. Вториот програмски сервис на МТВ е транспарентен во рамки на јавноста, но Законот е спорен, новинарот е новинар и има креативност и постојат некои работи кои заеднички може да се решат. Таа продолжи дека би сакала и простор повеќе за нови вработувања, односно за пополнување на работни места во редакциите со што ќе има можност и за поразнолика и изворно создадена програма. Како проблем со којшто се соочува МТВ 2 го назначи толкувањето на јазикот за лицата со попреченост, односно дека нема лица кои би можеле да бидат толкувачи, а исто така дека дописната мрежа треба да се дополни и дека нема доволно дописници од другите градови на кои пак треба да им се усогласи буџетот. Таа изрази задоволство дека МТВ 2 има дописник од Приштина, за што е многу благодарна, затоа што многу информации се добиваат и од таму. На крај на своето излагање таа нагласи дека од интерес е на сите добар производ и добра програма.

За збор се јави Музбајдин Ќамили кој истакна дека сите се за тоа да има креативност и просперитет, МРТ да има сопствени програми и продукции, и дека во државата има добри и квалитетни кадри кои треба да се искористат за добра програма.

Во дискусијата се вклучи Томислав Кежаровски кој праша дали е направена пресметка колку надворешни продукции се вклучени во производство на програмата на МТВ 2, на што Одговорниот уредник на Вториот програмски сервис на МТВ одговори дека во моментот во производството на програмата на МТВ 2 се вклучени четири надворешни продукции.

Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски се заблагодари на Одговорниот уредник на МТВ 2 Мерита Гаши и му даде збор на Одговорниот уредник на МТВ 3 Бранко Чупески

Бранко Чупески се заблагодари на Програмскиот совет на МРТ и истакна дека Македонската телевизија има добар и квалитетен производ, со внимателно избрани програмски содржини и дека Македонската телевизија е бетон во македонскиот медиумски простор. Тој продолжи во насока дека Спортската програма е „капитен“ и дека спортската програма се повеќе ќе се интензивира, понатаму дека МРТ 3 ќе се осовременува и ќе расте, како содржински така и кадровски, за што ја очекува целосната поддршката на Програмскиот совет на МРТ.

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски, се заблагодари на Одговорниот уредник на МТВ3 Бранко Чупески и му даде збор на Еран Хасипи, Одговорниот уредник на МТВ4.

Еран Хасипи искажа благодарност за запознавањето со Програмскиот совет на МРТ и истакна дека: МТВ 4 ја прави нашата куќа пример во Европа со тоа што произведува програма за 10% од населението, а таа програма е специфична програма. Тој кажа дека

постојат проблеми доколку треба да се емитуваме некоја програма, а за тоа нема доволно кадар и дека воедно МТВ 4 треба да се обнови со дигитализација и технички капацитети за работа. Тој нагласи дека е долги години во новинарството и дека МТВ 4 е на задоволително ниво, но тоа не зависи само од уредниците, односно дека многу зависи и од таргет групите затоа што МТВ 4 емитува поспецифична програма. На крај на своето излагање, Одговорниот уредник изрази желба за успешна соработка со Програмскиот совет на МРТ.

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски, се заблагодари на Одговорниот уредник на МТВ4 Еран Хасипи и и даде збор на Дијана Гогова, Одговорен уредник на МТВ 5 – Канал за детска програма на МТВ.

Дијана Гогова ги поздрави членовите на Програмскиот совет на МРТ и истакна дека ако до 2020 година МТВ емитувала само образовна програма, од таа година до денес е направен цел детски канал на кој се нуди исклучително одбрана содржина која мора да биде внимателно избрана. Потенцираше дека МТВ 5 е особено горд на Детскиот Евросонг кој претставува шанса која треба младите да ја искористат. Продолжи дека програма се емитува 24 часа и дека со тоа им е понудена на децата анимирана содржина на македонски јазик, но и на албански јазик на МТВ2. Омилените анимирани филмови на децата кои ги гледаат на youtube платформата на англиски или друг јазик, МТВ 5 им ги пласира на македонски јазик.

Во дискусијата се вклучи Томислав Кежаровски кој праша како Договорот за проектот дајте музика што бил во сопственост на МТВ, одеднаш Дајте музика преоѓа како проект во друга сопственост. На ова прашање Директорот на МРТ одговори дека проектот не е на МТВ, туку дека е снимен во МРТ и дека целата програма реализирана од тој проект останува во трајна сопственост на МРТ, впрочем како што и реализираната програма од сите копродукции останува во трајна сопственост на МРТ. Тој истакна дека ако е за нашто горд, тоа е токму проектот Дајте музика кој има над 80 милиони прегледи на youtube на македонски јазик и дека би сакал да може да се испродуцираат уште вакви емисии како Дајте музика на македонски јазик. Истакна дека очекува полна поддршка од Програмскиот совет за сите програми кои ќе се емитуваат на МРТ.

Во дискусијата се вклучи Маја Седрак која честиташе на детската програма бидејќи за прв пат децата можат да се поистоветат со децата од Дајте музика и со тоа МРТ постигнала голем успех. Таа сугерираше и на тоа да се возобнови и Бушавата азбука на македонски јазик што би било корисно за образованието на децата.

Во дискусијата се вклучи Ивана Ефремовски која констатираше дека МТВ 5 го променила начинот на којшто децата растат.

Во дискусијата се вклучи Томислав Кежаровски кој рече дека МРТ треба да продолжи со сопствена програма и дека тоа треба да остане бренд на МРТ.

Во дискусијата се вклучи Патриот Лумани кој праша дали постои мерило за тоа која програма е подобра на што Директорот на МРТ одговори дека не се мерат рејтинзи и дека

според информации од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Првиот програмски сервис на Македонската телевизија е убедливо на трето место, а некогаш и на второ, дека Вториот програмски сервис на Македонската телевизија е на второ место, веднаш по Алсат, но според податоците на која телевизија граѓаните повеќе веруваат, тоа е Македонската телевизија, затоа што информациите на МТВ се вистинити.

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски се заблагодари на Одговорниот уредник на МТВ 5 Дијана Гогова и и даде збор на Анета Андонова, Одговорен уредник на Собранискиот сервис на МТВ.

Анета Андонова го започна своето излагање со констатацијата дека Собранието има специфична улога и мисија и не може да се спореди со другите канали. Таа кажа дека МРТ има Собраниско студио кое е направено со поддршка од Швајцарската амбасада. Продолжи дека Собранискиот канал емитува 24 часовна програма и дека е најбитна работата на Собранискотo студио бидејќи така се прикажува какви пратеници имаме, а кои ние ги гласаме. Истакна дека Собранискиот канал ќе започне со емитување на нова серија која ќе се вика „Вашиот пратеник“ со вклучени интервјуа и со линковски вклучувања. Таа образложи дека останатиот дел од програмата се дополнува со емисии од Архивата на МТВ и дека Архивата на МРТ претставува богатство од европски и светски размери. Таа сподели едно објавено истражување за гледаноста на Собранискиот канал, што потврдува дека гледаноста од 2% пораснала на 10% на што е особено горда. Одговорниот уредник на Собранискиот програмски сервис го заврши своето излагање со зборовите дека се радуваме на успеси и исто како и во спортот, сакаме да победиме.

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски, се заблагодари на Одговорниот уредник на Собранискиот програмски сервис на МТВ Анета Андонова и и даде збор на Мерита Дулатаху, Одговорен уредник на Сателитскиот сервис на МТВ на албански јазик.

Своето излагање Мерита Дулатаху го започна со тоа дека Сателитскиот програмски сервис на албански јазик е во функција од 2012 година па до денес. Таа истакна дека постоеле тешки моменти, дека немало доволно кадри, дека се работело со стара техничка опрема, но дека сето тоа е надминато и дека сега Сателитскиот програмски сервис на албански јазик има програма која се емитува 24 часа, некогаш на сателит, некогаш онлајн. Таа кажа дека Сателитскиот програмски сервис на албански јазик поседува околу 700 содржини, некои преземени од Архивата на МТВ, а некои од МТВ 2 и се достапни за сите наши иселеници, дека каналот поседува емисии од сопствено производство, копродукциски емисии и се емитуваат или се реемитуваат емисии од МТВ 2. Таа нагласи дека има направено преку 12 репортажи заедно со покојната колешка од Сателитскиот сервис на МТВ 1 и според реакцијата на нашите иселеници сме уверени во тоа колку многу сме гледани. Одговорниот уредник на Сателитскиот програмски сервис на албански јазик го заврши своето излагање

со желба за уште поголемо производство на програма, како и за поддршка од Програмскиот совет на МРТ.
Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски, се заблагодари на Одговорниот уредник на Сателитескиот сервис на МТВ 2 Мерита Дулатаху и и даде збор на Наташа Андрееска, Одговорне уредник на Првиот пограмски сервис на Македонското радио.

Наташа Андрееска ги поздрави членовите на Програмскиот совен на МРТ и истакна дека е долги години во Македонското радио и дека може да каже дека се што е добро, трае. Таа извести дека минатата година се прослави 80 години Македонско радио и докажано е дека радиото е привезок на Македонската телевизија и дека се надева дека тоа во иднина ќе се промени. Таа потенцираше дека во Радиото работат искусни новинари, но дека е потребен и нов млад кадар, а воедно и дека се работи со застарена техника што треба да се промени. Како проблем го посочи тоа што редакциите почнуваат да згаснуваат, вработените одат во пензија, а нови вработувања нема.
Во дискусијата се вклучи Томислав Кежаровски кој рече дека е недозволиво приватно радио да биде подобро од Македонското радио, а воедно и приватните телевизии да бидат подобри од Македонската телевизија.
Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски се заблагодари на Одговорниот уредник на МРА1 Наташа Андреeска и му даде збор на Јошко Бошковски, Одговорен уредник на Сателитскиот сервис на Радио Македонија

Јошко Бошковски го започна своето излагање со тоа дека Радио Македонија значи прозорец кон светот, се што е квалитетно од Македонското радио, Радио Македонија го презентира надвор, на нашите иселеници. Тој извести дека Радио Македонија се емитува исклучиво на интернет страната на МРТ. Тој потенцираше дека Сателитскиот сервис на Радио Македонија е составен од мал тим, но не по вина на МРТ, односно бидејќи многу вработени се заминати во пензија, нема нов кадар. Тој ја искористи приликата да им се заблагодари на колегите од Редакцијата на албански јазик и од Редакцијата на српски јазик кои подготвуваат емисии, а Сателитскиот сервис ги реемитува. Тој извести и дека воедно е направена акција на дигитализација на се што Сателитскиот сервис имал во фонотеката и дека се емитува се што е најквалитетно од Фонотеката.
Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски, се заблагодари на Одговорниот уредник на Сателитескио сервис на Радио Македонија Јошко Бошковски и додаде дека на оваа седница на Програмскиот совет на МРТ се детектираа голем број на предизвици. Тој нагласи дека согласно надлежностите кои ги има Програмскиот совет на МРТ, во план е Програмскиот совет со помош на одговорните уредници на МРТ да се

обрати до надлежните институции за сите проблеми со кои се соочува Македонската радио телевизија со цел да се помогне во градењето на капацитетите на националниот сервис.
Претседателот на Програмскиот совет на МРТ му даде збор на Директорот на МРТ Марјан Цветковски.
Директорот на МРТ ги извести членовите на Програмиот совет дека минатата недела бил на службено патување во Сараево и во Црна Гора, потточно на Сараево филм фестивал и дека остварил средби со голем број потенцијални партнери за снимање на документарниот и игран филм за Тоше Проески, дека е пројавен интерес од голема продукциска куќа од регионов за откупување на проектот и дека исто така, Радиотелевизија Црна Гора има голем интерес во врска со овој проект.

Пред крај на седницата на Програмскиот совет на МРТ, Претседателот на Програмскиот совет, даде предлог од следната седница секој член кој има предлог, иницијатива за некоја точка на дневен ред, а која не е утврдена на претходната седница, да ги извести членовите на Програмскиот совет на МРТ за тоа преку електронската пошта: programskisovet@mrt.com.mk, за потоа на седницата да биде утврдено дали таа точка на дневен ред ќе биде на истата седница, или пак на некоја седница понатаму.
За збор се јави Лазо Трпов кој истакна дека се согласува во целост со предлогот на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски и дека сите треба да се држат до надлежностите што се утврдени на Програмски совет, а се пропишани во Деловникот за работа на Програмскиот совет на МРТ, Статутот на МРТ и ЗААВМУ. Во таа насока тој сугерираше предлозите за точка на Дневен ред да бидат такви што ќе се придржуваат до надлежностите кои ги има Програмскиот совет на МРТ.
Претседателот на Програмскиот совет се заблагодари за присуството и ја закажа следната седница на 04.09.2025 година во 11:00 часот.
Претседателот на Програмскиот совет ја затвори Седмата седница на Програмскиот совет на МРТ во 13:35 часот.

Записникот го водеше:
Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-5326/2
27.08.2025г.

_________________________
Давор Пашоски